Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Сл. весник на РМ" бр. 58/00 и 44/02) и член 24 и 26 од Законот за основно образование („Сл. весник на РМ" бр. 44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/02, 40/03, 42/03, 63/04, 82/04, 55/05, 81/05, 113/05, 35/06, 70/06 и 51/07), министерот за образование и наука донесе наставна програма по изборниот предмет *проекти од ликовната уметност* за VI одделение на основното осумгодишно образование, односно за VII, VIII или IX одделение за деветгодишното основно образование.

**НАСТАВНА ПРОГРАМА**

МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
БИРО ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО

# ПРОЕКТИ ОД ЛИКОВНАТА УМЕТНОСТ

**ИЗБОРЕН ПРЕДМЕТ**

**ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ**

**Скопје, март 2008**

## 1. ВОВЕД

Наставниот предмет *проекти од ликовната уметност* е изборен предмет во деветтгодишното основно образование што ученицит можат да го изберат во VII, VIII или IX одделение со фонд од 2 часа неделно, односно 72 часа годишно.

Наставниот предмет проекти од ликовната уметност со своите специфики овозможува задоволување на интересот на ученикот за ликовно творештво и преку ликовното творештво и културата да се развива неговата индивидуалност, сензибилитет и ликовно-творечките способности.

Слободата на избор на ликовното изразување е значаен фактор за поттикнување на интересот на учениците, како и доживување на поголемо задоволство од постигнатиот резултат. Спонтаното естетско проценување на постигнатиот резултат и доживување на ликовната или друга креација, дополнително ги прави проектните активности примамливи за ученикот и придонесуваат за создавање опуштена атмосфера и задоволство.

Проектите од ликовната уметност ќе се реазлизираат во две подрачја:

- ликовна теорија (воведување во историјата на уметноста, ликовниот јазик - елементи и принципи, ликовна критика -естетско проценување - анализа на ликовните дела - автори, индивидуални согледувања и мислења);

- ликовна практика (творечка работа - реализација на ликовни творби во материјал – цртање, сликање, скулптура, графика, дизајн и визуелни комуникации (применета уметност).

**ЗАБЕЛЕШКА:**

**Согласно динамиката за воведување на девтгодишното основно воспитание и образование наставната програма за учениците во VI одделение на осумгодишното основно училиште од учебната 2008/09 година е еквивалентна на наставната програма за VII,VIII или IX одделение на деветгодишното осдновно училиште.**

## 2. ЦЕЛИ НА НАСТАВАТА ВО VII, VIII ИЛИ IX ОДДЕЛЕНИЕ

Ученикот/ученичката:

- да се поттикнува да учествува во проекти од ликовната уметност;
- да се оспособува да определи проект и фазите во неговата реализација;
- да ги негува и развива творечките способности и умешноста за ликовно изразување;
- да препознава ликовни стилови и дела од уметници;
- да умее да набљудува, забележува и проценува ликовни вредности и содржини во ликовните и другите уметничките дела и да го искажува своето мислење;
- да ги искажува своите индивидуални карактеристики во организацијата на работата, комуникацијата и во творечкиот и ликовен израз;
- да покажува интерес за промена и естетска интервенција во просторот во кој учи и живее;
- да препознава поими и да користи стручни термини во комуникацијата и ликовната работа;
- да умее да трансформира содржини од природата, фантазијата или од други извори во ликовната креација;
- да умее воведно да аранжира самостојна или групна изложба во рамките на училиштето;
- да истражува и експериментира со примена на ликовните елементи, ликовните материјали и техники, подлога за работа и формат на делото;
- да користи компјутерска технологија во проектирањето на скици и друга работа во ликовното творештво и дизајнот;
- да користи алтернативни материјали и техники за ликовно изразување.

## 3. КОНКРЕТНИ ЦЕЛИ

| Проект: *Воведување во историјата на уметноста* | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| Ученикот/ученичката:<br><br>- да се оспсооби да ја применува методологијата за изработување на проект од ликовната уметност;<br><br>- да се запознае со одреден уметнички стил, дела на определен автор, група автори и др.;<br><br>- да се оспособи да направи презентација од истражувањето (уметнички стил, дела на определен автор, група автори и др.). | Истражување и разработка на:<br><br>- одреден уметнички стил – правец;<br>- одредено ликовно дело;<br>- опус на одреден ликовен уметник | - Уметнички стил<br><br>- Ликовно дело<br><br>- Творец-креација – креатор-автор | - Проучување стручна литература за одреден стил;<br>- прикажува визуелен материјал (слајдови, видео и др.);<br>- истражување на особеностите на одредено ликовно дело (автор, стил и сл.) од аспект на ликовните елементи, техниката, димензиите, времето на настанување и сл.;<br>- разговор со одреден уметник или други лица;<br>- пишување текст и прикажување визуелен материјал за истражувањето;<br>- подготвување пишан и визуелен материјал и презентација пред учениците. |

<table>
<tr><td colspan="4">Проект: Ликовна критика</td></tr>
<tr><td>Цели</td><td>Содржини</td><td>Поими</td><td>Активности и методи</td></tr>
<tr><td>Ученикот/ученичката:<br><br>- да се запознае со основните елементи на ликовната критика;<br><br>- да се оспособи да напише едноставна критика за одредена изложба (во училиштето, детска изложба и сл.).</td><td>Ликовна кртика</td><td>- Автор<br>- Анализа<br>- Ликовна критика</td><td>- Читање ликовни критики за ликовни изложби;<br>-посетување ликовни изложби (детски и од уметници);<br>- пишување текст според сопствените впечатоци и согледувања;<br>- презентација на текстот (со визуелен материјал) пред учениците.</td></tr>
</table>

<table>
<tr><td colspan="4">Проект: Ликовен јазик</td></tr>
<tr><td>Цели</td><td>Содржини</td><td>Поими</td><td>Активности и методи</td></tr>
<tr><td>Ученикот/ ученичката:<br><br>- да се запознае со развојот на ликовниот јазик и улогата во ликовното изразување;<br><br>- да ги забележува карактеристичните ликовни елементи во одредени ликовни подрачја;<br><br>- да разгледува и проучува разни стилови и правци и да воочи кој ликовен елемент и принцип најчесто се употребува.</td><td>Важноста на ликовниот јазик во ликовното творештво<br><br>Карактеристиките на ликовниот јазик во цртањето, сликарството, графиката, скулптурата, дизајнот<br><br>Анализа на доминација на одредени ликовни елементи во одреден уметнички стил, група автори или творец.</td><td>-- Ликовен јазик<br><br>- Ликовни подрачја</td><td>- Проучување стручна литература (на пр. Баухаус школата) за анализа на ликовни дела;<br><br>- разгледување оригинали на ликовни дела и репродукции, проучување литература, разговор со стручни лица;<br><br>- истражување на тема (од областа на ликовниот јазик) по избор на учениците и презентација на истата.</td></tr>
</table>

| Проект: *Цртање* | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| Ученикот/ ученичката:<br><br>- да се оспособува да изработи скици како подготовка за реализација на ликовното дело;<br><br>- да се оспособува да изработува цртеж, студија, портрет, пејзаж;<br><br>- да се оспособува да користи нови и алтернативни цртачки материјали: јаглен, бајц сепија и друго и ги истражува нивните можности. | - Скица<br><br>- Нови и алтернативни цртачки материјали<br><br>- Цртеж со индивидуални карактеристики | - Скица, кроки<br>- Ликовна идеја<br><br>- Цртеж (уметнички, технички, научен)<br><br>- Студија, портрет, пејзаж, фигура<br><br>- Моделација, однос светло - темно и светло-сенка | - Изработување скици за остварување на подобро ликовно решение;<br><br>- реализирње ликовна идеја - цртеж во материјал;<br>- изработување студија на портрет; фигура; пејзаж и др. и решавање тридиензионалност со тонска градација;<br><br>- изработување цртеж со индивидуални карактеристики преку слободен избор на ликовни елементи, техника, мотив и др. |

| Проект: *Сликање* | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| Ученикот/ученичката:<br>-да се поттикнува на експериментирање и создавање колористичка скица за изработка на ликовно дело (монументално, галериски формат и др.);<br>- да се оспособува да слика фигура (и) во движење според свој избор на мотив и техника;<br>- да ги осознава и користи техниките на сликање со поликолор, акрил, масло, витраж, мозаик, колаж или графит (користејќи природни материјали);<br>- да се оспособува да изработува скици за ликовна творба од голем формат;<br>- да се оспособува да учествува во создавањето на слика од голем формат за уредување на ентериерот - екстериерот на училиштето;<br>- да се поттикнува да учествува во ликовен хепенинг, детска ликовна колонија и др. по повод одредена пригода (Ден на пролетта, патронен празник и др.). | Колористичката скица во изработката на монументално дело<br><br>Динамичност во ликовниот израз<br><br>Нови сликарски техники и нивните особености<br><br>Монументалните ликовни дела и нивните карактеристики<br><br>Разни форми на ликовна активност | - Видови скица: цртеж, во боја и тридимензионално<br><br>- Акрил, масло, витраж<br><br>- Фреска, мурал, графит<br><br>Ликовен хепенинг, ликовна колонија | - Истражување: скици во вид на цртеж, колористички и пластични (тридимензионални);<br><br>- Разгледување фотографии, ликовни дела и друго со статични и динамични состојби;<br><br>- Истражување: особеностите на различните техники и се демонстрира постапка на нивното изведување;<br><br>- Истражување: разликите на вообичаените техники за монументалното сликарство: фреска (алфреско и алсеко), мозаик и др.;<br><br>- Организирање ликовен хепенинг, или друга форма на работа во рамките на училиштето;<br>- Организирање детска ликовна колонија; |

| Проект: *Скулӣӣура* | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| Ученикот/ученичката:<br><br>- да се оспсобува да изработува скици во цртеж и тридимензионално во глина (и друг материјал) како подготовка за скулптура; | Ликовна идеја и изработка на скици | - Ликовна идеја<br>- Скица | - Изработување скица во разработката на ликовната идеја. |
| - да се оспсобува да изработува скулптура во материјал со принципот на одземање (стиропор, дрво, камен, корен); | Видови на пластично обликување<br>Значењето на односот на просторот и скулптурата (тридимензионалната форма) | - Скупторска техника<br>- Статика<br>- Принцип на додавање - одеземање<br><br>- Простор, ентериер - екстериер, пластична форма, маса | - Истражување: воочување на статиката на видовите растенија и нивната конструкција.<br><br>- Демострирање: обликување на скулптура со примена на постапка на додавање и одземање.<br><br>- Изработување проект на скулптура (фигуративна или апстрактна) за облагородување на одреден простор. |
| - да се оспособува да обликува тридимензионална форма со примена на хартија (оригама, каширање, конструкција и др.). | Оригамите како уметност | - Оригами, каширање, конструирање. | - Демонстрирање различни техники на употреба на хартијата како ликовен материјал.<br>- Изработување оригами. |

| Проект: *Графика* | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| Ученикот/ученичката:<br>- да се запознава со карактерисртиките и процесот на изработка на графика;<br>- да се оспсобува да реализира монотипија, линорез и графика во картон-печат во две или повеќе бои;<br>- да се оспсобува да изработува матрици за картон-печат, линорез и гипсорез по сопствена замисла и скица;<br>- да се оспсобува да изработува компјутерска графика и нејзини варијации и трансформации во соодветен софтвер. | Графиката како ликовно подрачје<br><br>Графички процес<br><br>Постапки и сретства во графички израз<br><br>Графички техники<br><br>Компјутерска графика | Скица, графичко решение<br>- Графички лист<br>- Графички отпечаток<br>- Печатарска преса<br>- Графички алат и прибор<br>- Матрица за висок печат<br>- Компјутерска графика<br>- Графички софтвер | - Посета на ателје на уметник-графичар, набљудување процес на создавање и реализација на уметничко дело-графика.<br>- Разгледување скица, матрица и графика на иста творба, дело и откривање на карактеристиките и особеностите, како и нивната улога во графичкиот процес.<br>- Изработување неколку скици за графика, самостојно избирање една и нејзина реализација во графика.<br>- Истражување: специфики на монотипијата во една или повеќе бои.<br>- Реализирање графика во две бои во техниката картон-печат.<br>- Отпечатување на графичка преса матрица од висок печат (линорез, гипсорез).<br>- Изработување компјутерска графика според скица, истата ја трансформира во друга графика со додавање и бришење на елементи, со менување на боите, со интервенции, комбинирање и компонирање на ликовните елементи. |

| Проект: *Дизајн и визуелни комуникации (Применета уметност)* | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| Ученикот/ученичката:<br>- да се оспсобува за изработка дизајн на одреден предмет (од скица до финален продукт);<br>- да се запознава со уметноста и естетиката во театарот;<br>- да се воведува во начинот на изработка на ликовно решение (костимографија и сценографија) за театарска претстава;<br>- да се запознава со фотографијата и видеото како начин за ликовна артикулација. | Применетата уметност и нејзините карактеристики<br><br>Индустриски дизајн и примена<br><br>Уметноста и театарот<br><br>Улогата на фотографијата во секојдневниот живот и улогата на фотографијата во дизајнот<br><br>Видеото како ликовен-уметнички медиум | - Применета уметност<br>- Индустриски дизајн<br>- Утилитарен предмет<br>- Лого<br>- Плакат<br>- Комбинирана техника<br>- Костим<br>- Костимографија<br>- Сцена<br>- Сценографија<br>- Уметничка фотографија<br>- Видеоарт | - Истражување: различни дезени; споредување облека за мажи, жени, тинејџери и деца, за различни сезони и прилики.<br>- Истражување: индустрискиот дизајн (дизајн за масовно производство).<br>- Реализирање дизајн за конкретна потреба на училиштето.<br>- Нацрт за индустриски дизајн на мобилен телефон, автомобил, дел од мебел, амбалажа и др.<br>- Реализирање идеја во материјал-прави макета или модел на утилитерен предмет следејќи сопствена скица.<br>- Изработување идејно решение за плакат, лого, покана и сл. за јубилеј, изложба, приредба, патронат.<br>- Посета на театар, разгледување костими, сцени за различни претстави.<br>- Посета на фотографски изложби, прегледува Интернет сајтови за уметничка и маркетинг фотографија.<br>- Реализирање наменски и уметнички фотографии за потребите на училиштето.<br>- Изработување кратки филмови поврзани со личното и училишното секојдневие. |

## 4. ДИДАКТИЧКИ ПРЕПОРАКИ

Изборниот предмет *проекти од ликовната уметност* дава можност за интеграција со содржините од програмата по ликовно образование, а и со содржините од другите наставни предмети. Исто така, има можност за внатрешно интегрирање на содржините од проектните активности. Наставникот треба да им помогне на учениците да стекната јасна претстава за фазите и чекорите во изработката на проектот (избор на тема, дефинирање на цел, формирање на тим, поделба на улогите, планирање на активностите, определување на временска рамка).

Во програмата се понудени неколку типови проекти од различни области (ликовна теорија и ликовна практика). Според посочените модели наставникот може да направи свои проекти и да им ги понуди на учениците. Изборот на проектите и одредувањето на нивниот број во една учебна година се прави според процена на можностите и афинитетите на учениците (на пример, преку претходно анкетирање на учениците). Времетрањето на еден проект го одредува наставникот, според видот на проектот (од едно тромесечје до цела учебна година). При изготвување на временската рамка на еден проект наставникот треба да одреди неколку часа за завршната презентација. Во текот на годината еден ученик може да реализира до 4 проекти.

**Наставни средства:**

- прирачник за наставникот;
- дидактички средства и материјали;
- визуелни средства (предмети од непосредната околина, репродукции, детски творби, апликации и сл.);
- слајдови, списанија и сл.;
- аудио-визуелни средства (ТВ, ДВД-плеер, видеоплеер, дигитален фотоапарат, дигитална камера, компјутер и други средства зависно од предметот);
- Интернет, образовни софтвери.

## 5. НАЧИН НА СЛЕДЕЊЕ И ОЦЕНУВАЊЕ НА ПОСТИГАЊАТА НА УЧЕНИЦИТЕ

Во текот на наставата редовно се следат и вреднуваат постигањата на учениците, се прибираат показатели за нивните активности, мотивираноста за ликовно изразување, ангажираноста на учениците, посветеноста во работата, како и тимската работа и нивни изразни активности (формативно оценување). При следењето на постигањата на учениците, наставникот треба особено да внимава кон индивидуалниот пристап во постигањата на секој ученик.
Ученикот се оценува со бројчана оценка.

## 6. ПРОСТОРНИ УСЛОВИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

Програмата во однос на просторните услови се темели на Нормативот за простор, опрема и наставни средства за деветгодишното основно училиште донесен од страна на министерот за образование и наука со Решение бр. 07-1830/1 од 28.02.2008 година.

## 7. НОРМАТИВ ЗА НАСТАВЕН КАДАР

Воспитно-образовната работа ја изведува лице кое завршило:
- факултет за ликовна уметност-педагошка насока;
- факултет за ликовна уметност- со дополнително положено група на педагошки предмети на ФЛУ.

## 8. ОЧЕКУВАНИ РЕЗУЛТАТИ

Ученикот/ученичката:

- ги знае фазите во изработка на проект од ликовната уметност (планирање на активности и временска рамка, улоги, фази во извршување, презентација и вреднување на резултатот);
- учествува активно во сите фази на реализација на проектот (способност за планирање, вештини за истражување, способност за донесување на соодветни решенија, чувство за време и крајни рокови, вештини на комуникација, организациски способности, способности за водење евиденција – портфолио, презентерски вештини);

- знае да ги презентира податоците до кои дошол/а во изработката на проектот (во врска со одредената тема);
- учествува во изработката на ликовното дело од одредено подрачјае (цртање, сликање, графика, склулптура, дизајн и визуелни комуникации);
- може да применува компјутер во наставата по ликовно образование.

## 9. СТРУЧЕН ТИМ ЗА ИЗРАБОТКА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

- Трајко Јовановски, координатор, советник по ликовно образование и ликовна уметност во БРО-Велес
- Зоран Мазновски, советник по ликовно образование и ликовна уметност, БРО - Берово
- Ана Цветкоска-Панова, ЈУДГОЦ „13 Ноември" – Скопје
- м-р Марија Николоска, ОУ „Дане Крапчев" – Скопје
- Никола Наневски, ОУ „Крсте Мисирков" - Скопје

## 10. РЕШЕНИЕ И ДАТУМ НА ДОНЕСУВАЊЕ НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

Наставната програма по *проекти од ликовна уметност* за шесто одделение на основното осумгодишно образование, односно за седмо, осмо или девето одделение на основното деветгодишно образование ја донесе

Министер

________________

**Сулејман Рушити**

на ден __________________